Архивски број: 08-326/6
10-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-326/1 од 19.04.2023 година, поднесена од Европски Центар за Правата на Ромите (ЕЦПР) во име на Сабина Асанова од Штип за утврдување на дискриминација врз основ на етничка припадност во областа пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на етничка припадност врз [redacted] од Штип, сторена од страна на [redacted] ДООЕЛ увоз-извоз Штип.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 19.04.2023 година [redacted] застапуван од претседателот [redacted] поднесе Претставка бр. 08-326/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата) во име на [redacted] од Штип.
Подносителот наведува дека на ден 06.04.2023 (четврток) околу 15:00 часот, [redacted] заедно со [redacted] сите од Ромска етничка припадност, се упатиле на кафе во кафулето [redacted] лоцирано во новиот трговски центар [redacted] во Штип. Кога влегле во кафичот, пред да седнат им пристапил келнерот (машко лице на околу 20 годишна возраст) кој им кажал дека истите не може да ги користат нивните угостителски услуги, бидејќи потребно било претходно да се направи резервација со дополнително образложение дека сопственикот на локалот веќе закажал роденденска забава за истата вечер. Притоа, согласно [redacted] клучниот момент бил тоа што келнерот воопшто не ги прашал дали истите имаат направено претходна резервација, туку претпоставил дека немаат и поради тоа ги известил дека не можеле да ги користат услугите на кафулето. [redacted] и останатите тврдат дека во моментот кога настанот се случувал други граѓани кои не биле од ромска етничка припадност слободно влегувале во кафулето и непречено ги користеле услугите без никаков проблем, односно не биле прашани за претходна резервација. [redacted] повторно влегла внатре и им укажала на вработените дека таа и нејзините пријатели се дискриминирани врз основа на нивната етничка припадност. Кога пристигнала дома, [redacted] испратила порака на профилот на кафулето на

социјалната мрежа „FACEBOOK" и повторно им укажала дека таа и нејзините пријатели биле дискриминирани, истакнувајќи дека ќе поднесе претставка за заштита од дискриминација. Вработен од [redacted] преку социјалната мрежа одговорил дека локалот не извршил никаква дискриминација. Исто така, уште неколку граѓани од Ромска етничка припадност се пожалиле дека не им бил овозможен пристап до услугите на кафичот.
Ваквите тврдења подносителот ги поткрепува со приложени копии на слики од разговор преку компјутерски програм, помеѓу определено лице од наведениот кафе бар и лицето во чие име се поднесува претставката.

[redacted] од Штип во предвидениот рок за изјаснување согласно Барањето на Комисијата бр. 08-326/4 од 19.05.2023 година не даде одговор, односно не се изјасни за наводите од претставката.

Комисијата изврши увид во просториите на кафе бар [redacted] при ТЦ Штип [redacted] на [redacted] Штип на 13.09.2023 година, со двајца членови и еден вработен во Стручната служба на Комисијата.
Во рамки на увидот, претставниците на Комисијата во соработка со две лица од ромска етничка припадност, [redacted] спроведоа тестирање на ситуација, со цел да се увиди дали на двете именувани лица непречено ќе им биде овозможено да ги користат услугите на [redacted] увоз-извоз Штип, односно кафе барот како угостителски објект во рамки на надворешниот дел од ТЦ [redacted]. Тестирањето на ситуацијата се спроведе на начин на кој претставниците на Комисијата, претходно влегоа во наведениот кафе бар седнувајќи на една од слободните маси и користејќи ги услугите на кафе барот, по што по изминати 20 минути горенаведените лица од ромска етничка припадност во својство на тестери влегоа во просториите на кафе барот со цел да седнат на некоја од слободните маси и да бидат услужени. Од страна на вработените во кафе барот истото им беше непречено овозможено, на начин како и за останатите лица во кафе барот.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).".

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање,

уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.“.

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, „постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“.

Имајќи ја во предвид фактичка состојба согласно изнесените факти во претставката и изнесените факти и докази од страна на ОУРЦ „Кочо Рацин“ – Битола, Комисијата не утврди дека е сторена дискриминација врз малолетното лице [redacted] врз основа на етничка припадност од страна на училиштето во кое е запишан како ученик. Комисијата не ги сметаше за веројатни тврдењата на подносителот при утврдување на фактичката состојба. Во таа насока се и приложените слики од разговорот помеѓу [redacted] и лицето од кафе барот, согласно чија содржина има спротивставени тврдења кои не даваат индиции од кои би се претпоставило одредено дискриминаторско постапување.

Имено, спротивно на тврдењата на подносителот дека на припадници од ромска етничка заедница не им бил овозможен пристап до услугите на наведениот кафе бар, согласно фактичката состојба од настанот на 13.09.2023 година во рамки на увидот на Комисијата, се утврди дека пристапот до услугите е непречено овозможен за сите лица без разлика на етничката припадност. Со тоа оневозможениот пристап на наведените лица во претставката до услугите на кафе барот [redacted] не е каузално поврзан со етничката припадност како нивна заштитена карактеристика, па оттука истиот не е дискриминација во смисла на членот 6 и членот 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на КСЗД*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk